**20130571270**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

Врз основа на член 11 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11 и 55/12), министерот за одбрана, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ И НАЧИНОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА ВОЕНИОТ И ЦИВИЛНИОТ ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот и начинот за издавање и одземање на легитимацијата на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.116/12), во член 2 во ставот 2 зборовите „ЕМБГ, податоци за регистарскиот број на личната карта“ се бришат.

Образецот на легитимацијата на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата на Република Македонија, се заменува со нов образец, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01 - 2178/1
9 април 2013 година
Скопје

Министер за одбрана,
**Таљат Џефери,** с.р.

Прилог

ОБРАЗЕЦ
НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА ВОЕНИОТ И ЦИВИЛНИОТ ПЕРСОНАЛ
НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ЛЕГИТИМАЦИЈА**

фотографија
3 x 2,5 см

регистарски број
**000000**

______________________
име

______________________
презиме

______________________
чин/звање

______________________
воена пошта

______________________ МП ______________________
Датум на издавање — Потпис на овластено лице

**Рок на важење 5 години**

-Оваа легитимација е исправа со која се докажува статусот на припадник на воениот/цивилниот персонал;
-Имателот на легитимацијата е обврзан во вршењето на службата да ја носи легитимацијата и да ја покаже по барање на овластено лице;
-Во случај на промена на податоците од легитимацијата или губење на истата, имателот е должен веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена да го пријави тоа во Министерството за одбрана;
-Не е дозволено давање на легитимацијата на друго лице на послуга.